25826

11812.

»НОВА МАКЕДОНИЈА« ● Среда 12 декември 1979 год. ● стр. 10

Денес во МСУ

# Промоција на книгата »Ре-визија на уметноста« од О. Б. — Мерин

**● На промоцијата во присуство на авторот за него и за книгата ќе говори Соња Абациева Димитрова**

Утре, во 12 часот, во Музејот на Современата уметност, свечено ќе биде промовирана книгата „Ре-визија на уметноста" од Ото Бихали-Мерин. На промоцијата ќе присуствува и авторот, а за него и за неговата книга што заеднички ја објавија — Издавачкиот завод „Југославија", „Југословенска ревија" од Белград и скопската „Култура", ќе зборува Соња Абациева Димитрова.

Ото Бихали-Мерин е познат писател, историчар на уметноста и критичар. Роден е 1904 година во Земун. Во 1924 година се вклучува во работничкото движење, а 4 години подоцна со братот Павле ја основа издавачката организација „Нолит" и го уредува литературно-политичкото списание „Нова литература". Војната ја поминува во германските заробенички логори. По ослободувањето го уредува списанието „Југославија" и станува уметнички директор на издавачкиот завод „Југославија". Во 1964 година на Виенскиот универзитет му е доделена Хердеровата награда за зближување на народите со посредство на уметноста.

Досега организирал голем број изложби во Југославија и во странство. Во последниве години кај нас, во повеќе европски земји, во Америка и Јапонија објавени му се следните книги „Фреските и иконите во Србија и Македонија", „Стеќци" (со Алија Бенац), „Градители на модерните мисли", „Уметничкото богатство на Југославија" „Проникнување на модерната уметност", „Наивната уметност на светот", „Анри Русо" (со Лиза Бихали), „Маските на светот", „Крај на уметноста и време на науката?" и „Единството на светот во визијата на уметноста".